СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ
согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации
Студиска програма: **Македонски јазик и книжевност – Применета насока**
Циклус на квалификации: I циклус, 240 ЕКТС, VI A

| **Тип на дескриптор** | **Опис** |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Поседуваат теоретско знаење и разбирање на различните гранки на лингвистиката (фонетика, фонологија, морфологија, лексикологија, синтакса); Демонстрираат компетенции од областа на книжевната теорија за соодветен пристап кон различни литературни жанрови од различни периоди; |
| Примена на знаењето и разбирањето | Покажуваат способност за примена на знаењето од областа на лингвистиката; Демонстрираат способност за жанровско препознавање и критичка анализа на различни литературни текстови, како и способност да се даде релевантно толкување (на литературно-теориско и јазично ниво) на теми што овие текстови ги поттикнуваат; |
| Способност за проценка | Поседуваат способност за анализирање и донесување соодветни заклучоци поврзани со училишното развојно планирање, како и реализирање и вреднување на педагошката работа во училиштето. |
| Комуникациски вештини | Аргументирано образложуваат ставови пред стручна и нестручна јавност. |
| Вештини на учење | Поседуваат способност за идентификување на потребата за стекнување нови знаења; Поседуваат вештини за учење, потребни за продолжување на понатамошни студии со висок степен на автономија. |